**ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ВО ВРСКА СО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГА ЗА КУПУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ПОВЛАСТЕНИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ШТО КОРИСТАТ ПРЕМИЈА**

1. Во врска со членот 5, дали Купувачот е обврзан до ОЕПС и ОПЕЕ да ја достави истата номинација примена од Продавачот или има слобода да достави номинација по свое наоѓање?

Купувачот во краен случај како Балансно одговорна страна (БОС) доставува номинација до ОЕПС, согласно Правилата за балансирање, при што БОС може да биде направи корекција на номинацијата доставена од страна на ППП.

2. Во врска со членот 6, дали Купувачот во краен случај може да ја искористи веќе постоечката баланска група или пак мора да оформи балансна група посебна за дејноста купувач во краен случај?

Доколку избраниот купувач во краен случај пред изборот бил балансно одговорна страна може да ја искористи постоечката балансна група за да ги вклучи ППП. Обврска за формирање на балансна група постои само ако избраниот купувач во краен случај досега не бил БОС.

3. Во член 6 став 4, во член 9 став 6 и во член 10 став 4 се споменува “Договор за формирање на балансна група“. На кој договор се мисли и дали тој договор за дејноста Купувач во краен случај ќе биде?

Наведените членови во прашањето ќе бидат соодветно изменети, при што терминот “Договор за формирање на балансна група“ ќе биде избришан.

4. Во врска со член 9 став 6, дали под “отчитувањата од операторот“ се мисли на месечните официјални?

Под „отчитувањата од операторот“ од член 9 став (6) на Договорот за купопродажба се подразбираат месечните официјални отчитувања кои се користат за потребите на фактурирањето.

5. Во врска со член 16, став 2 алинеа 2, сметаме дека годишните договори за откуп на електрична енергија со ППП не би требало да имаат можност за еднострано раскинување од страна на ППП без вина на Купувачот во краен случај. Доколку трговците/снабдувачите кои имаат домашна финална потрошувачка на електрична енергија тогаш таквата синергија може да преставува бенефит кој може да се сподели во ППП и да им се понудат подобри услови за откуп на енергијата. Но, таквата синергија ќе постои само доколку трговецот/снабдувачот може да планира дека откупот ќе го врши цела година. Доколку

пак ППП по свое наоѓање реши еднострано да го раскине договорот за откуп и тоа најчество во зимскиот период кога цените на HUPX се највисоки, тогаш при таков ризик трговците/снабдувачите ќе ја откупуваат енергијата од ППП единствено со цел да ја тргуваат на дневна основа каде што бенефитот е помал па така споделениот бенефит со ППП ќе биде помал. Согласно наведеното, доколку се изземе алинеата 2 од вториот став во членот 16, понудите на аукцијата ќе бидат повеќе во корист на ППП отколку ако истата алинеа остане во текстот.

Предлогот за бришење на вториот основ за предвремено еднострано раскинување на договорот за купопродажба од страна на ППП (член 16 став 2 алинеја 2) се прифаќа и истиот соодветно ќе биде корегиран во тендерската документација.